РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-141/6
12-01-2022

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 08-4313/1 од 16.09.2019 година, оформен согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ___________, поднесен по престанок на функцијата Министер за _______________________ во Владата на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-4313/1 од 16.09.2019 година.

Предметот со број 08-4313/1 од 16.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во анонимизирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот број 08-4313/1 од 16.09.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а согласно со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

Во согласност со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, ДКСК оформи предмет за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на __________, поранешен министер за _______________а во Владата на Република Севрена Македонија.

_____________ поднел анкетен лист по изборот на функцијата Министер за ______________ на ден 15.07.2014 година.

На именуваниот функцијата му престанала на 15.09.2015 година при што по престанокот на функцијата нема поднесено анкетен лист.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба, за имотот на __________ и имотот на неговата сопруга ______________ прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од надлежните институции и нивниото споредување со податоците од анкетниот лист на __________, поднесен по избор на функцијата министер за _______________ во Владата на Република Северна Македонија, а воедно имајќи во предвид дека _______________ нема статус на службено лице од 15.09.2015 година, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: В.Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**